СТ-74/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Вебија Крацоски од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Барок Ко Мебел со седиште во Струга, на рочиштето од 19.09.2017 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната према стечајниот должник Трговско друштво за производство, трговија и услуги БАРОК - КО Мебел ДООЕЛ со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 585172, даночен број 4026003125835, со трансакциска сметка број 210058251720183 при НЛБ Тутунска банка АД Скопје, трансакциска сметка број 240230001557304 при Универзална Инвестициона банка АД Скопје, трансакциона сметка број 240230002311188 при Универзална Инвестициона банка АД Скопје, трансакциска сметка број 270058251720190 при ХАЛК Банка АД Скопје и трансакциона сметка број 290200000283087 при ТТК Банка АД Скопје, - **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Вебија Крацоски од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Барок Ко Мебел со седиште во Струга.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и го именува Стојче Чавкоски за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник достави извештај со наод и мислење според кое, врз основа на изведените докази произлезе дека должникот нема имот кој би влегол во стечајната маса или истиот е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, бидејќи е со незначителна вредност.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

Согласноста на преписот со оригиналот ја потврдува
Судски службеник

**Д-ви на :**

* предлагачот,
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**

* Централен регистар
* Депозитната банка